**ПРАВИЛНИК ЗА СТЕКНУВАЊЕ ДОКТОРАТ НА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се регулираат постапката и условите за стекнување докторат на информатички науки на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во периодот до 31.12.2011 година, а согласно член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.17/2011).

**Член 2**

Докторат на информатички науки на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство се стекнува со изработка и успешна јавна одбрана на научен труд - докторска дисертација.

**ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

**Член 3**

Право на пријавување, изработка и одбрана на докторска дисертација, односно покренување постапка за стекнување докторат на информатички науки имаат кандидатите што завршиле факултет и магистратура од научните области што се негуваат на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и сродни факултети, согласно одредбите од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.64/2000)

**Член 4**

Право на пријавување, изработка и одбрана на докторска дисертација, односно на покренување постапка за стекнување докторат на информатички науки имаат и странски државјани под услови и начин утврдени со Закон.

Странските државјани докторската дисертација можат да ја работат и јавно да ја одбранат на еден од следните светски јазици: англиски, француски, руски и германски, со задолжителен превод на докторската дисертација на македонски јазик. Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, (во понатамошниот текст Факултетот), заради комуникација на докторандот со Комисијата за одбрана и слушателите на одбраната, определува лице кое добро го познава странскиот јазик на кој се врши одбраната на докторската дисертација.

**Член 5**

Пријавата на кандидатот за докторска дисертација се поднесува преку архивата на Факултетот и треба да содржи работен наслов, јасно изнесена хипотеза (образложен предлог на темата на дисертацијата), материјалот и опремата што ќе се користи, методологијата на работа и очекуваните резултати. Кон пријавата кандидатот поднесува биографија и дипломи за завршен факултет и магистратура како и список на објавените научни и стручни трудови.

**Член 6**

По пријавата на кандидатот, а врз основа на образложениот предлог на темата на дисертацијата, Наставно-научниот совет на Факултетот формира комисија од 3 (три) члена за оценка на подобноста на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа, при што еден од членовите е можниот ментор на кандидатот. Комисијата му поднесува извештај на Наставно-научниот совет на Факултетот во рок од 3 (три) месеци.

**Член 7**

Доколку извештајот на Комисијата од членот 6 е позитивен и прифатен од Наставно-научниот совет на Факултетот, истиот одредува ментор. Менторот треба да биде афирмиран научен работник од потесната област на пријавената докторска дисертација од редот на наставниците од Факултетот или од друг сроден факултет.

## ИЗРАБОТКА И ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**Член 8**

Докторската дисертација мора да се изработи во рок од најмногу 5 (пет) години, сметано од денот на прифаќањето на темата.

**Член 9**

Кандидатот по завршувањето на дисертацијата поднесува 10 (десет) примероци од докторската дисертација преку архивата на Факултетот. Со дисертацијата, кандидатот поднесува и авторезиме во 10 (десет) примероци и копии на 2 (два) свои рецензирани труда од областа на дисертацијата, публикувани на меѓународни конференции или најмалку еден публикуван труд во меѓународно списание надвор од Македонија, а кои не смеат да се постари од 5 (пет) години.

**Член 10**

Наставно-научниот совет на Факултетот, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на докторската дисертација, на предлог на Деканот, формира Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација од 5 (пет) члена составена од факултетски наставници, од кои мнозинството се од Факултетот. Менторот не може да биде претседател на Комисијата.

**Член 11**

Комисијата од претходниот член поднесува рецензија (извештај) за оценка на докторската дисертација до Наставно-научниот совет на Факултетот најдоцна 3 (три) месеци по нејзиното формирање. Рецензијата на Комисијата се објавува во Билтенот на Универзитетот. Доколку Комисијата од неоправдани причини не го достави извештајот во предвидениот рок, Наставно-научниот совет на Факултетот избира нова Комисија.

**Член 12**

Во рецензијата Комисијата треба јасно да го изнесе научниот придонес на дисертацијата, владеењето на кандидатот со материјата и да даде предлог за прифаќање, одбивање или за нужни измени и дополнувања на докторската дисертација.

**Член 13**

Наставно-научниот совет на Факултетот во Скопје во рок од 60 дена од денот на објавувањето на рецензијата во Билтенот на Универзитетот, донесува одлука по предлогот на Комисијата.

## ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**Член 14**

Доколку предлогот на Комисијата е позитивен и Наставно-научниот совет го прифати, одобрува јавна одбрана на дисертацијата. Одбраната на дисертацијата се врши пред Комисијата за оценка и одбрана.
Во случај на потреба за промена на член од Комисијата, Наставно-научниот совет на Факултетот избира нов член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација.
Јавната одбрана на дисертацијата се закажува најдоцна 30 (триесет) дена по прифаќањето на дисертацијата.
Денот, местото на одбраната, името на кандидатот и насловот на дисертацијата се објавуваат во дневниот печат најмалку 7 дена пред одржувањето на одбраната, а кандидатот писмено се известува за тоа.

**Член 15**

Во случај предлогот на Комисијата да е негативен или пак позититивниот предлог Наставно-научниот совет на Факултетот не го прифати, трудот се враќа на кандидатот и неможе повторно да биде поднесен на преглед и оценување.

**Член 16**

Ако Наставно-научниот совет на Факултетот утврди дека е потребно да се извршат нужни измени и дополнувања на дисертацијата, кандидатот е должен да постапи по забелешките во рок од 6 (шест) месеци и повторно докторската дисертација ја доставува на преглед и оценување.

**Член 17**

Одбраната на докторската дисертација е јавна и се врши пред Комисијата во полн состав.

**Член 18**

По завршената одбрана на докторската дисертација, Комисијата со мнозинство гласови донесува одлука (ја одбранил, односно не ја одбранил) и јавно ја соопштува пред кандидатот и присутните на одбраната.

**Член 19**

Комисијата за одбрана поднесува записник со што го информира Наставно-научниот совет за текот на одбраната.

**Член 20**

Деканот на Факултетот, од името на Наставно-научниот совет, го известува Ректорот на Универзитетот за одбранетата докторска дисертација, доставувајќи му ги сите податоци за кандидатот и дисертацијата, како и за постапката според која стекнал право на научен степен доктор на информатички науки.

**Член 21**

Промоцијата во доктор на информатички науки ја врши Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## ОДЗЕМАЊЕ НА ДОКОТОРАТ НА НАУКИ

**Член 22**

Докторат на науки се одзема ако се утврди дека докторската дисертација не е самостоен научен труд или не претставува придонес во науката во времето на нејзината изработка.

**Член 23**

Процедурата за одземање на докторат на науки ја води Ректоратот на Универзитетот, а процедурата е дефинирана со Правилникот за заедничките основи, општите услови и постапката за организирање постдипломски студии и стекнување докторат на науки при Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје.

**ФИНАНСИСКИ МЕРИЛА**

**Член 24**

При поднесувањето на пријава на докторска дисертација, Кандидатот е должен да уплати на Факултетот денарска противвредност во висина од 600 ЕУР.
При предавањето на докторската дисертација, кандидатот е должен да уплати на Факултетот денарска противвредност во висина од 1400 ЕУР.
За странски државјани, овие износи се двојно поголеми.

**Член 25**

На наставниците ангажирани во докторските дисертаци им следува надоместок согласно Правилникот за плати и други надоместоци на вработените на Факултетот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 26**

Одредбите од главата ФИНАНСИСКИ МЕРИЛА од овој Правилник не важат кога кандидатот е вработен на Факултетот. Во тој случај кандидатот е ослободен од плаќање на трошоците за пријава и одбрана на докторска дисертација.

**Член 27**

Одредбите поврзани со пријавата на тема од овој Правилник не се однесуваат на оние кандидати на кои им е прифатена темата за изработка на докторска дисертација на Факултетот за електротехника и информатички технологии и Природно–математичкиот факултет од областите информатика и компјутерско инженерство бидејќи истите преминуваат на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство согласно законот за негово формирање.
За тие кандидати важат сите останати членови од овој правилник кои се однесуваат на постапката на оценување и одбрана на докторската дисертација.
Во однос на одредбите од главата ФИНАНСИСКИ МЕРИЛА за овие кандидати ќе се применуваат следните правила:

- Кандидатите кои имаат прифатена тема на Факултетот за електротехника и информатички технологии, доколку при пријавување на темата уплатиле дел од сретствата, при предавањето на темата должни се да ја уплатат на Факултетот разликата во денарска противвредност до висина од 2000 ЕУР.
- Кандидатите кои имаат прифатена тема на Природно–математичкиот факултет, или кандидатите кои имаат прифатена тема на Факултетот за електротехника и информатички технологии, а при пријавувањето на темата не уплатиле дел од средствата, при предавањето на темата должни се да уплатат на Факултетот денарска противвредност во висина од 2000 ЕУР.

За странските државјани, овие износи се двојно поголеми.

**Член 28**

Правилникот стапува во сила 8 (осум) дена по неговото објавување на огласната табла и на веб страницата на Факултетот.